ШТИПСКО НАУЧНО ЗДРУЖЕНИЕ

ПРВ НАУЧЕН СОБИР

УЛОГАТА НА ШТИПСКО НОВО СЕЛО
ВО МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИЈА

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

Штипско научно здружение

ПРВ НАУЧЕН СОБИР

УЛОГАТА НА ШТИПСКО НОВО СЕЛО ВО МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИЈА

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

ШТИП, 2014

ИЗДАВАЧ
Печатница „2- ри Август“ - Штип

ГЛАВЕН УРЕДНИК
Верица Јосимовска

ЛЕКТОР
Славица Манчева

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

908(497.731)(063)
930.85(497.731)(0630

НАУЧЕН собир (1 ; 2014 ; Штип)
Прв научен собир Улогата на Штипско Ново Село во македонската историја : зборник на трудови / [главен уредник Верица Јоссимовска]. - Штип : 2-ри Август, 2014. - 218 стр. : илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-4662-24-2

а) Ново Село б) Штипско - Културна историја
COBISS.MK-ID 97230602

ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР

Претседател:
Елена Јосимовска

Членови:

Марина Гацова, Никола Камчев,
Лидија Миленкоска , Киро Папакоча,
Снежана Мирасчиева, Трајче Нацев,
Гордана Камчева и Верица Јосимовска

Секретар
Цветанка Манева- Самарџиска

17 Октомври 2014 година

ПО ПАТОТ НА УЧИТЕЛОТ ДИМИТАР МИРАСЧИЕВ

Снежана Мирасчиева[1]

Испишаните редови ги посветувам на мојата фамилија,семејството на Мики Мирасчиев од Штип

Вовед

Силен фактор за прогрес во секое општетство е образованието а негов промотор и реализатор, учителот. Овој факт не е ниту нешто ново, ниту нешто непознато ами безброј пати потврдена вистина низ вековите. Ако силата е во знаењето и образованието, тогаш за повеќе од петстотини години, успехот или неуспехот на нациите е определен од способноста земјата да се здобие со знаења кои ќе се трансформираат во сила и просперитет, истакнува водечкиот историчар Џ.Блек (Jeremy Black). Силата на еден народ е во неговата образованост, што е сосема точно, особено кога знаењето е во функција на благосостојбата на човекот. Бедите и злосторствата можат да бидат резултат на незнаењето. Човек кој знае има предност во однос на човек кој не знае. Оваа вистина е една од основите за развој на просветата во штипско Ново Село. Во годините на македонското битисување низ историјата, стана центар на просветата и лулка на борбата за просперитет на македонскиот народ, духовен и национален. Водачи во борбата беа учителите, а еден од нив е и нашиот учител Димитар Мирасчиев.

Како и каде почна патот на учителот Димитар Мирасчиев?

---

[1] Редовен професор, Факултет за образовни науки, Штип

Димитар Мирасчиев е роден на 10 август 1872 година во Штип, од татко Пане Мирасчиев и мајка Софија Цицонкова, и двајцата родум од Штип. Татко му бил шивач, а занаетот го научил во Цариград каде учел за дамски кројач. Прераната смрт на татко му, ја оставил Софија вдовица со четири деца, Димитар, Тодор, Симеон и Катерина. Со ткаење и продавање платно, ги пораснала своите деца и ги школувала. Детството го поминал низ сокаците на Исарот, во семејната куќа во близина на храмот Св. Архангел Михаил(Фитија). По завршувањето на основното образование (тогаш новоотвореното училиште „Св. Кирил и Методиј", во дворот на црквата Св.Никола)[2], образованието го продолжил во Солунската гимназија. На Софискиот Универзитет „Св.Климент Охридски" ги завршил студиите по хемија. Во учебната 1892/93 година, Димитар Мирасчиев бил учител по краснопис во училиштето во Штипско Ново Село. Од неговиот автограм можеме да забележиме ракопис на увежбано ракописно искуство и елементи на образована, сталожена и педантна личност.[3] За личноста на учителот Димитар Мирасчиев, може да говориме и од сликата каде стасот и погледот упатуваат на личност, скромна но силна, одлучна и цврста, доследна и упорна. Во своите сеќавања, Димче Ќумбетчијата ќе каже: „Димитар Мирасчиев беше мој најдобар другар.... имав прилика да го запознаам од близу. Тој беше правичен и искрено предан на Организацијата со целото срце. Скромен, вреден, со исклучително здрав разум, необично храбар

[2] Училиштето денес не постои.

[3] Д-р Тодор Влахчев, „Пронајден автограм", в. Штипски весник, Штип, 1986 год., бр.157,стр.12

и умен човек. Сите го слушаа и се потчинуваа на неговите наредби".[4]

Димитар Мирасчиев

Просветната дејност на учителот Димитар Мирасчиев, е под силно влијание на школувањето во солунската гимназија каде младиот Димитар ја учел азбуката на образованието, животните определби, длабоко навлегувајки во сферата на литературата, философијата, науката. Образованието и научното знаење, како и атмосферата во Солун имале силно влијание во формирањето на неговата личност.

Кога ова ќе биде емоционално обоено со жестокоста на сиромаштијата, обесправеноста и поробувачко-експлоататорскиот систем, тогаш тоа ќе ескалира со длабока омраза против класното општество како и стремеж за слобода и спас на својата поробена татковина. Затоа просветната дејност на учителот Мирасчиев, не може да се оддели од неговата револуционерна дејност. Просветната дејност продолжува и понатаму, ќе учителствува на различни места како во Радовиш, Кратово, Виница, Кочани, Куманово. Во Крива Паланка работел како главен учител, а во Крушево како директор на епархиското училиште. Македонското национално чувство, со силна рефлексија не само во револуционерната дејност туку и во просветната дејност на учителот Мирасчиев е присутно

[4] Сеќавања од преживеани учесници-илинденци, Историски архив Куманово,фонд Куманово и кумановско за време на Илинденскиот период.

постојано. Со отворено прифаќање на идеите на Крсте Петков Мисирков дека македонскиот национален развој конечно ќе се оформи во разработката на основните прашања на македонскиот литературен јазик уште еднаш се потврдува широката просветна дејност на Мирасчиев. Заедно со К.П.Мисирков, Д.Мирасчиев беше согласен дека кон политичкиот автономен принцип за слободата на Македонија треба да се додаде и националната и јазична автономија преку издавање книги и весници на чист македонски јазик. Просветната дејност на учителот Димитар Мирасчиев ја одбележуваат уште неколку активности како уредник на весникот Конституциона зарја, а и објавувал статии во гласилата на Организацијата како „Изборните борби и бугарската егрзархија“„Моралниот пад на еден социјалдемократ“, „Пропагандите во империјата“.

Патот на учителот е мозаик кој постојано ќе се дополнува со нови вистини, па затоа со право ќе се запише дека „илинденскиот војвода и учител Димитар Мирасчиев, со своето учество во просветното и револуционерно движење, покажа особена храброст и издржливост и самоодрекување со што остана во спомените на сите“. ВОо таа смисла М.Пандевски ќе истакне: *Димитар Мирасчиев е една од најславните личности во историјата.*

Заклучок

Она што е денес е сегашност, утре ќе биде историја. Впрочем, историјата не ја пишуваат само историчарите, историјата ја пишуваат настаните, лицата, околностите. Затоа она што ќе го проследите се размислувања изразени со длабоки емоции на еден следбеник, следбеник од родот свој, наследник и потомок на Димитар Мирасчиев. Зошто токму за ликот на Димитар Мирасчиев? Намерата на текстот е да го заштити движењето на

македонските учители од правот на заборавот, со што ценам дека ќе биде уште еден сведок кој ќе го освежи нашето сеќавање за великоста на учителот Димитар Мирасчиев. Нашите мисли не се исцрпени докрај па не завршуваат тука, туку се отворени за натамошни истражувања кои ќе дадат нова светлина на ликот и делото на учителот и револуционер, Димитар Мирасчиев. На крајот, чувствуваме потреба да истакнеме дека денешниот миг веќе утре е минато, но е сведок за една сегашност, сегашност преточена и исткаена во низите од зборови на неколкуте испишани страници, во летото 2014. И како што запиша о.В.Мирасчиев, испишаните редови оставаат трага која дава белег за едно време и за една личност, можеби за некого одамна минатa и заборавена, но за мене се уште присутна и блиска. Овој текст е израз на почит кон моите предци и симбол на трајност на поколенијата што идат.

Литература

- Апостолов, А.(1997). Виничка афера. Кочани: НИГП „Европа 92“
- Божиновски, З.(1997). Веле Марков. Битола: Друштво за наука и уметност
- Влахчев, д-р Т. „Пронајден автограм“, в. Штипски весник, Штип, 1986 год., бр.157,стр.12
- Ѓорѓиев, В.(1997). Петар Поп Арсов. Скопје: ММ
- Мирасчиев,В.(2006). Димитар Мирасчиев-живот и дело-.Штип:Национална установа Библиотека „Гоце Делчев“-Штип

СОДРЖИНА:

1. **Александар Донски,** ДВЕ НЕПОЗНАТИ ФИЛМСКИ СНИМКИ ОД ШТИПСКО НОВО СЕЛО ОД 1942 ГОДИНА.....5

2. **Виолета Ачкоска,** СЛАВЕЈКО АРСОВ (1878-1904).....9

3. **Вера Стојчевска Антиќ,** ПРЕД НЕЗАБОРАВЕНИОТ ЛИК НА МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ.....23

4. **Верица Јосимовска, Оливер Цацков,** НОВО СЕЛО КАКО СЛИКАРСКА ИНСПИРАЦИЈА.....31

5. **Зоран Тодоровски,** МЕЧТИТЕ НА ТОДОР АЛЕКСАНДОВ ЗА АВТОНОМНА, НЕЗАВИСНА И ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНИЈА.....40

6. **Зоранчо Малинов,** ОБРЕДНИОТ КАЛЕНДАР НА ШТИПСКО НОВО СЕЛО.....58

7. **Иван Котев,** АРСЕНИ КОСТЕНЦЕВ И КРАТКИТЕ ФОЛКЛОРНИ ЖАНРИ.....77

8. **Јасминка Соколовска,** ПРЕДУСЛОВИ И ПОЧЕТОЦИТЕ НА БИБЛИОТЕКАРСТВОТО ПРЕКУ КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИОТ ЖИВОТ ВО ШТИПСКО НОВО СЕЛО ВО XIX ВЕК.....90

9. **Кире Филов**, СЕЌАВАЊА НА ВАСИЛ ХАЏИКИМОВ ЗА ФОРМИРАЊЕТО И ДЕЈНОСТА НА ЦЕНТРАЛНИОТ КОМИТЕТ НА НАРОДНАТА МИЛИЦИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА (30.8. – 9.10.1944 ГОДИНА)…….....101
10. **Крсте Цидров**, СЕМЕЈСТВО ЦИДРОВИ…….....114
11. **Лилјана Мазова**, МАРУША – ПО ВРАЌАЊЕТО ДОМА…….....128
12. **Н. Дечовски, Д. Донев, С. Дечовски**, ПРОФ. Д-Р ПАНЧЕ КАРАЃОЗОВ - ПИОНЕР НА МАКЕДОНСКАТА ХИРУРГИЈА.....146
13. **Никола Жежов**, УБИСТВОТО НА ШТИПСКИОТ ВОЈВОДА МИШЕ РАЗВИГОРОВ.....153
14. **Петар Намичев, Екатерина Намичева**, НАДВОРЕШНО ОБЛИКУВАЊЕ НА КУЌАТА ОД НОВО СЕЛО И ШТИП ВО КОНТЕКСТ НА МАКЕДОНСКОТО ПРОФАНО ГРАДИТЕЛСТВО ОД 19 –ОТ ВЕК.....166
15. **Трајче Нацев, Драган Веселинов**, ПОТЕНЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ И ОПАСНОСТИ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ ВРЗ НЕДВИЖНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО НОВО СЕЛО.....183
16. **Трајан Ристовски**, ПРОСЛАВУВАЊЕТО НА СВЕТИ ТРИФУН ВО ШТИПСКО НОВО СЕЛО..... 192
17. **Марија Иванова**, ЕВРЕИТЕ ВО ШТИПСКО НОВО СЕЛО НИЗ МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИЈА.....209

18. **Александар Трајановски,** ШТИПСКО-НОВОСЕЛСКАТА ЦРКОВНО-УЧИЛИШНА ОПШТИНА (кон средината на втората половина на XIX век)..... 214

19. **Блаже Китанов,** МЕТОДИ ГОГОВ- од летачки поп до архиепископ.....231

20. **Гоце Ристовски,** ФЕНОМЕНОТ НА НОВО СЕЛО КАКО РАСАДНИК НА ИНТЕЛЕКТУАЛЦИ ВО XX ВЕК.....237

21. **Лидија Камчева – Панова,** ЛИКОТ НА ЛЕГЕНДАРНОТО НОВО СЕЛО – ШТИПСКО.....253

22. **Весна Крстева,** ШТИПСКО ТРИО-НОВОСЕЛЦИ.....259

23. **Снежана Мирасчиева,** ПО ПАТОТ НА УЧИТЕЛОТ ДИМИТАР МИРАСЧИЕВ.....262